Информативно гласило на Град

# Скопје

Бесплатен примерок

ЈУЛИ 2015 ГОДИНА



Новиот кружен тек кај Порта Влае



Проширен третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов




*На булеварот Партизански одреди, кај Порта Влае*

# ИЗГРАДЕН НАЈГОЛЕМИОТ КРУЖЕН ТЕК ВО СКОПЈЕ

На вкрстувањето на булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров, кај Порта Влае, во месец мај беше изграден најголемиот кружен тек во Скопје, а булеварот Партизански одреди беше проширен до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров. Новото сообраќајно решение кај Порта Влае придонесе да се зголеми безбедноста во одвивањето на сообраќајот во овој дел на градот, да се олесни движењето кон излезот на Скопје и да се уреди просторот.




- Ја имам честа да ја означам успешната завршница на уште еден во низата успешни проекти на Градот Скопје – проектот за изградба на кружен тек на булеварот Партизански одреди кај Порта Влае и проширувањето на булеварот Партизански одреди до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров. Новиот кружен тек е формиран на местото на поранешната крстосница на булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров којашто со години претставуваше црна сообраќајна точка и една од најоптоварените крстосници во градот. Градот Скопје во овој дел од градот во последниве пет години изгради уште два кружни тека - кружниот тек на улицата Ѓорче Петров и кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле", а го прошири и булеварот Македонска војска, на потегот од крстосницата со улицата Ѓорче Петров кон стадионот на ФК„Македонија Ѓорче Петров". Сега, со изградбата на овој кружен тек се комплетира мрежата на модерни сообраќајни решенија кои претставуваат вистински сервис на граѓаните и гарантираат забрзан развој на општините Карпош и Ѓорче Петров – рече градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето за сообраќај на кружниот тек кај Порта Влае, на 8 мај годинава.

Трајановски нагласи дека во текот на градежните работи, на крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров е формиран најголемиот кружен тек во Скопје, со дијаметар од 40 метри, односно коловоз со ширина од 9 метри, заштитна патека од 1,5 метри и средишно зеленило.

- Кружниот тек се состои од две сообраќајни ленти. По кружниот тек, гледано во насока кон Ѓорче Петров, булеварот Партизански одреди е проширен до влезот во автобазата на ЈСП. Со проширувањето, булеварот доби по три коловозни ленти во секоја насока, средишна жардиниера со ширина од 5 метри, а формирани се и велосипедска патека со ширина од 2 метра и пешачка патека со ширина од 3 метри, покриени со бекатон-плочки. Како дел од градежните работи за проширување на булеварот Партизански одреди и изградба на кружен тек извршена е реконструкција на 100 метри од улицата Ѓорче Петров и на 162 метри од улицата Ацо Шопов, на деловите што влегуваат во кружниот тек. На дел од улицата Ацо Шопов, каде што се вкрстува со булеварот Партизански одреди е изграден потпорен ѕид со должина од 58 метри и висина од 6,3 метри. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек на булеварот Партизански одреди е изградена атмосферска канализација. Според проектот, поставени се цевки со профил од 300, 400 и од 600 милиметри, на вкупна должина од 472 метри. За градежните работи за проширување на булеварот Партизански одреди до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров и за изградба на кружен тек кај Порта Влае, Градот Скопје потроши 50,5 милиони денари. На терен работеа екипите на „Бауер БГ". Новото сообраќајно решение кај Порта Влае го осветлуваат 13 столба за улично осветлување, со 32 светилки. За поставување на осветлувањето беа задолжени екипите на „Елтра", а Градот Скопје за овој дел од проектот вложи 885.799 денари. Кај новоизградениот кружен тек на булеварот Партизански одреди е уредено зеленило на вкупна површина од 4.604 квадратни метри. Поставена е хидрантска мрежа во должина од 700 метри, 18 хидранти, 24 шахти, 3 главни шахти за системот капка по капка и 38 прскалки. Засадени се 4.000 парчиња сезонско цвеќе. За уредување на зелените површини на кружниот тек кај Порта Влае се вложени околу 2 милиона денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за изградба на кружен тек кај Порта Влае и проширувањето на булеварот Партизански одреди до базата на ЈСП во Ѓорче Петров изнесува 53,4 милиони денари. Во Градот Скопје во тек се подготовките на вториот дел од овој проект, со што булеварот Партизански одреди ќе се прошири до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле", во Ѓорче Петров – изјави градоначалникот Коце Трајановски.

Премиерот Никола Груевски, во своето обраќање до присутните истакна дека градот Скопје во последниве неколку години ја доживува најголемата трансформација и развој во последниве неколку децении.

- Скопје денес е град кој може да одговори на потребите на своите жители. Ваквите успешни проекти, како што е изградбата на кружниот тек кај Порта Влае и проширувањето на булеварот Партизански одреди до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров, се влог во иднината на новото Скопје кое ќе биде во чекор со европските метрополи – рече премиерот Груевски.










# ЧЕТИРИ ЛЕНТИ И ЗА ТРЕТИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

Булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов доби четири коловозни ленти и на потегот од крстосницата со булеварот 8.Септември до улицата Московска. На 26 мај градоначалникот Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, и официјално ја отворија за сообраќај новопроширената делница од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов.

- Проширувањето и реконструкцијата на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е уште еден капитален проект на Градот Скопје којшто ќе овозможи побезбедно одвивање на сообраќајот, намалување на метежот и скратување на времето на патување. Со проширувањето, на оваа делница од булеварот, долга 1.600 метри, се формирани 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Делницата е асфалтирана на вкупна површина од 19.500 квадратни метри и обележана. Од двете страни на проширениот коловоз се изградени тротоари со ширина од по 3,5 метри, со вкупна



површина од 9.550 квадратни метри, коишто се покриени со павер-елементи. Градежните работи на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов беа искористени за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.493 метри и профил од 200, 400, 600 и од 1.200 милиметри. На терен е извршена и реконструкција на постојната фекална мрежа, при што на должина од 226 метри се поставени цевки со профил од 600 и 300 милиметри. На проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работеа градежниците на Трансмет ДОО Скопје. Градот Скопје за градежните работи на оваа делница потроши околу 81 милион денари. Третиот дел од проширениот булевар Митрополит Теодосиј Гологанов го осветлуваат 82 столба за улично осветлување на коишто се поставени 108 светилки со моќност од 250 W. На осветлување на новореконструираната делница работеа екипите на фирмата „Магнус Инжинеринг“, а за овој зафат Градот Скопје одвои околу 11,6 милиони денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов изнесува 92,6 милиони денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на новопроширената делница за сообраќај.

Премиерот Никола Груевски рече дека е задоволен што заедно со граѓаните на Скопје може да посведочи за уште еден успешен проект кој трае од 2011 година.

- Градот Скопје од 2011 до 2015 година успеа во неколку фази да го реализира проширувањето на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, кој заедно со булеварот Илинден и булеварот Партизански одреди, се трите главни сообраќајници во овој дел од градот. Нивното реконструирање и проширување придонесе граѓаните на Скопје да можат побрзо и побезбедно да стигнат до саканата дестинација – нагласи премиерот Груевски.









# ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДОТ ЗА ШУТО ОРИЗАРИ




На 27 мај, договор за изведба на систем за водоснабдување во општината Шуто Оризари потпишаа Градот Скопје, ЈП „Водовод и канализација", Општината Шуто Оризари и компанијата изведувач „Хидрострој ЈСЦ" од Бугарија. Во име на Градот Скопје, договорот го потпиша градоначалникот Коце Трајановски, од ЈП„ Водовод и канализација" директорот Александар Атанасов, од Општината Шуто Оризари градоначалникот Елвис Бајрам, а од компанијата изведувач договорот го потпиша извршниот директор на „Хидрострој ЈСЦ", Николај Пашов.

- Изградбата на водоводот во општината Шуто Оризари претставува заеднички проект на Град Скопје, ЈП „Водовод и канализација" и Општина Шуто Оризари. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува околу 182.367.800 денари со вклучен ДДВ. Во финансирањето на овој проект Градот Скопје ќе учествува со 43,7 отсто од средствата, односно со 79,7 милиони денари; ЈП „Водовод и канализација", исто така, со 43,7 отсто, односно 79,7 милиони денари, а Општина Шуто Оризари ќе учествува со 12,6 отсто, односно со 22,9 милиони денари од потребните финансиски средства. Градот Скопје финансиските средства ќе ги обезбеди по пат на долгорочен домашен под-заем во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. И Општината Шуто Оризари ќе ги обезбеди финансиските средства по пат на долгорочен домашен под-заем во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. ЈП „Водовод и канализација", пак, ќе ги обезбеди финансиските средства од сопствени извори во рамки на инвестициската програма, за што Управниот одбор донесе одлука, а Советот на Град Скопје даде согласност. Новопланираниот водоснабдителен систем ќе опфати: изградба на резервоар од 4 350 кубни метри во близина на постојните резервоари, пумпна станица и цевковод со должина од 2,3 километри и профил од 500 милиметри. Се надевам дека со реализација на овој значаен проект ќе го решиме деценискиот проблем со водоснабдувањето на Шуто Оризари - истакна градоначалникот Трајановски, по потпишувањето на Договорот.

# АВТОБУСКАТА СТАНИЦА – СКОПЈЕ ДАДЕНА ПОД ЗАКУП





Градот Скопје ја даде под закуп Автобуската станица – Скопје на компанијата „Руле турс" ДОО Скопје, за период од 15 години. На јавното наддавање за давање под закуп на Автобуската станица – Скопје, лоцирана под Железничката станица (Транспортен центар), коешто се одржа на 30.03.2015 година, беше постигната цена од 213 милиони денари плус ДДВ за период од 15 години, коишто ги понуди токму компанијата „Руле турс" ДОО Скопје.

За јавното наддавање беа заинтересирани 7 компании од кои 5 ги исполнија условите. До денот на јавното наддавање, од овие пет компании, гарантен депозит што беше услов за учество во усното јавно наддавање доставија 3 компании. Во јавното наддавање, што се одржа во просториите на Град Скопје, учествуваа компаниите „Вардар експрес", СИЗ за Патен сообраќај (Македонија сообраќај – АМЕРИТ) Скопје и „Руле Турс" ДОО Скопје.

Победник на усното јавно наддавање е компанијата „Руле турс" која понуди 213 милиони денари плус ДДВ, односно вкупната постигната цена за закуп и стопанисување со Автобуската станица – Скопје изнесува над 4 милиони евра.

# СЕ ГРАДИ ПЕШАЧКИ НАТПАТНИК МЕЃУ ХИПОДРОМ И ИНЏИКОВО






*Локацијата на новиот натпатник (обележана со црвено)*

Изградбата на пешачкиот натпатник преку автопатот Скопје – Петровец, што ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково, во општината Гази Баба е во тек.

- Целта на овој проект е да се овозможи непречено и безбедно движење на граѓаните од двете населби преку автопатот, кое сега е оневозможено. Изградбата на овој натпатник е од исклучително значење за жителите на овие места зашто оваа локација со години претставува црна сообраќајна точка на автопатот кон Петровец, со многу сообраќајни несреќи. Градот Скопје на оваа локација сега гради челичен натпатник со бетонски столбови, челични скали и челични рампи, кој ќе овозможи безбеден премин на пешаци, пешаци со велосипеди и лица со посебни потреби. Натпатникот ќе биде долг 63 метри, а широк 5,4 метри. Површината за движење ќе биде широка 3,1 метар. По должината на натпатникот ќе биде поставена ограда висока 2 метра, изработена од челични профили и челична мрежа, како и конзоли за инсталации. На двете страни од оградата ќе бидат поставени две електронски информативни табли кои ќе овозможат емитување информации во боја, свртени кон коловозот. Новиот натпатник што ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково ќе го осветлуваат 12 канделабри, а ќе бидат осветлени и рампите. За изградба на овој натпатник Градот Скопје ќе потроши околу 38 милиони денари, а на терен работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ" - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

# СЕ ПРОШИРУВА УЛИЦАТА ЦВЕТАН ДИМОВ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта" деновиве работат на проширување и реконструкција на 200 метри од улицата Цветан Димов, на потегот од пешачкиот натпатник кај Јајапашината џамија кон крстосницата со булеварот Џон Кенеди.

Во текот на градежните работи, ќе се пробие уште по една сообраќајна лента за сметка на постојниот тротоар. Со проширувањето, фреквентната улица Цветан Димов ќе добие по три сообраќајни ленти во секоја насока и уреден тротоар со ширина од два метра, покриен со бекатон плочки.

За овој градежен зафат, кој значително ќе го олесни одвивањето на сообраќајот во овој дел од градот, Градот Скопје ќе вложи околу 5,4 милиони денари.








### *Нов капитален проект на Градот Скопје*

# СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017

СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017 е насловот на новиот капитален проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје и за зголемување на безбедноста во велосипедскиот сообраќај, чија презентација се одржа на 15 јуни.

- Градот Скопје веќе една година посветено работи на согледување на состојбата со велосипедските патеки во Скопје, ги лоциравме недоследностите, правевме анализи и баравме најповолни решенија во корист на сите наши сограѓани што го користат велосипедот како транспортно средство. Нашата цел беше да го олесниме движењето на велосипедистите, да им овозможиме на сите што користат велосипед без препреки и безбедно да стигнат до саканата дестинација и да формираме ефикасна мрежа на велосипедски патеки коишто ќе бидат поврзани и достапни за користење. Сакам да нагласам дека задачата за која се зафативме не е лесна. Да се формира ефикасна мрежа на велосипедски патеки во густо населени, изградени зони е сложена и многу одговорна работа, за која на многу градови во Европа им беа потребни децении за да ја оформат. Исто така, морам да нагласам и дека во нашиот град во изминатите децении многу малку беше преземено за развој на велосипедскиот сообраќај – рече градоначалникот Коце Трајановски, на презентацијата.



Трајановски нагласи дека со проектот СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017 по должината на градските улици и булевари ќе се оформат четири главни велосипедски рути кои се протегаат во насока исток – запад и 7 конектори кои се протегаат во насока север – југ и тоа:

РУТА 1 - 2014-2015 г
Гази Баба-Центар-Карпош (≈8км)

РУТА 2 - 2015-2016 г
Аеродром-Центар-Карпош-Ѓорче Петров (≈11км)

РУТА 3 2016-2017 г
Кисела Вода - Центар - Карпош (≈8,5 км)

РУТА 4 2016-2017 г
Бутел-Чаир-Центар (≈5 км), како и

Седум конектори – 2017 г (≈19км)

- Според барањата на велосипедистите, велосипедските патеки што ќе ги изградиме или ќе ги реконструираме ќе бидат покриени со асфалт, а не со бекатон плочки. Ќе обезбедиме рампи за глатко движење. На патеките ќе нема нерамнини. Ќе ги отстраниме постојните пречки на велосипедските патеки – семафори, знаци, билборди, контејнери... Велосипедските патеки ќе ги зао-




Градот Скопје во текот на изминатава година реконструираше велосипедски патеки во должина од 3,5 километри, и тоа: по должината на булеварот Кузман Јосифовски Питу, на потегот од НБРМ до Транспортниот центар; на булеварот Гоце Делчев, на потегот од МРТВ до факултетскиот комплекс; на булеварот Крсте Мисирков, на потегот од Адвокатската улица до кеј „Димитар Влахов“; на булеварот Александар Македонски; на булеварот Ѓорче Петров, на потегот од Општина Ѓорче Петров кон мостот за Сарај и на булеварот Крсте Мисирков на потегот од ТЦ „Мавровка“ до Бит-пазар, а во тек се градежни активности и на други делници од велосипедските патеки од Рутата 1.

биколуваат автобуските постојки од задната страна. Воведовме унифициран и препознатлив начин за обележување на патеките. Ќе овозможиме заштита на велосипедските патеки од паркирање моторни возила. Свесни сме дека проблемите нема да исчезнат преку ноќ, но Градот Скопје е подготвен да ги слушне сите засегнати страни, да ги воочи сите препреки и да изработи квалитетни решенија за унапредување на велосипедската инфраструктура со која Скопје ќе го заслужи епитетот ВЕЛОГРАД. За таа цел, ги повикувам и општините во Градот Скопје да ја поддржат оваа иницијатива и да вложат во изградба на нови и во реконструкција на постојните велосипедски патеки, зашто на велосипедистите треба да им овозможиме непречено движење и по улиците и булеварите што се во надлежност на Градот Скопје и по улиците што се под надлежност на скопските општини – истакна градоначалникот Трајановски.

Градот Скопје во последниве пет години интензивно го развива концептот на град со одржлив транспорт, преку кампањите за користење јавен превоз и преку набавка на нови еколошки автобуси за јавниот градски транспорт, преку изградба на ролерско-велосипедски патеки по целата должина на кејот на реката Вардар, преку системот за изнајмување велосипеди.... А велосипедскиот сообраќај е токму тоа, одржлив сообраќај кој не ја оптоварува и ја заштитува животната средина, придонесува за подобар квалитет на амбиентниот воздух и за поздрав живот на граѓаните.

- Во таа насока, со подобрувањето на велосипедската инфраструктура во Скопје очекуваме да се зголеми свеста за користење на велосипедот како средство за транспорт, да се зголеми процентот на патувања со велосипед, да се намали негативното влијание од моторниот сообраќај врз животната средина, да се унапреди системот за изнајмување на велосипеди и да се зајакне општествената одговорност. Затоа, ние нема да застанеме тука, Градот Скопје нема да застане со изградба, обнова и унапредување на велосипедската инфрастуктура во градот и по 2017 година. Континуирано ќе работиме на проектот СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД, за Скопје реално да стане пријателски град за користење велосипед – рече градоначалникот Трајановски на презентацијата на новиот проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје.

Во презентацијата беше нагласено дека со овој проект до 2017 година ќе се реконструираат вкупно 51 километар велосипедски патеки во Скопје.







# РЕКОНСТРУИРАНА ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА НА БУЛЕВАРОТ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Велосипедската патека по должината на булеварот Александар Македонски, на потегот од клучката „Естекада" до бараките на Општина Гази Баба е реконструирана и обележана како дел од проектот „ СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017".

- Постојната велосипедска патека на оваа делница којашто беше многу оштетена и полна со дупки сега е реконструирана на должина од 1.530 метри. Велосипедската патека е обележана со вертикална и хоризонтална сигнализација, со континуирана препознатлива бела боја, ги заобиколува постојните автобуски станици од задната страна, а при нејзиниот влез и излез од крстосниците се направени рампи за глатко движење. По должината на патеката се поставени и столпчиња за да се спречи непрописното паркирање моторни возила. Градот Скопје ја реконструираше и пешачката патека по должината на булеварот Александар Македонски, од клучката „Естекада" до бараките на Општина Гази Баба. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта". За реконструкција на велосипедската и на пешачката патека по должината на булеварот Александар Македонски, на потегот од клучката „Естекада" до бараките на Општина Гази Баба Градот Скопје потроши околу 11 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Оваа велосипедска патека е дел од Рутата 1 од проектот за унапредување на велосипедските патеки – СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017.

# НОЌНО БЕЛЕЖЕЊЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ

Акцијата за обележување на хоризонталната сигнализација на градските улици и булевари во ноќните часови, кога фрекфенцијата на возилата е намалена, тече според предвидената динамика. Екипите на ЈП „Улици и патишта" деновиве рачно ги обележуваат пешачките премини, стрелките за насока и стоп линиите на улицата Даме Груев и на булеварот Климент Охридски, а машински се обележуваат надолжните линии на булеварите Партизански одреди, 8 Септември, Илинден и на улицата Љубљанска во насока кон улицата Ѓорче Петров.

Во текот на изминативе денови беа обележани булеварите во строгиот центар на градот, како и пешачките премини на улицата Димитрие Чуповски.

Акцијата за бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици и булевари се спроведува во ноќните часови за да се намали метежот што се создава кога се бележат улиците.










# ИНСТАЛИРАНА ОПРЕМАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА ВО 384 АВТОБУСИ НА ЈСП

Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата на билетите е инсталиран во вкупно 384 автобуси на Јавното сообраќајно претпријатие, колку што беа предвидени да се опфатат со овој проект. Овој систем пробно ќе се стави во функција во септември.

- Со воведувањето на Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата за кој ЈСП распиша тендер и избра фирма за негова реализација, Градот Скопје и неговите граѓани ќе добијат побрз и поквалитетен градски превоз. Овој систем овозможува од контролен центар да се следат автобусите во реално време, дали се запазуваат пропишаните возни редови, се отвора можност за навремени корекции и намалување на времето на чекање, во согласност со моменталните случувања во сообраќајот на градските улици, а ќе се добие и реална слика за бројот на превезените патници по категории. Системот дава можност за воведување нов тарифен систем/нови типови на билети: билет со можност за преседнување од еден автобус во друг, односно од една линија на друга линија, со ограничено времетраење, зонски билет, дневен билет, неделен билет, викенд билет и др. Во прво време истиот ќе почне да функционира во согласност со постојниот тарифен систем, но во иднина постепено ќе се премине на нов тарифен систем. Системот за автоматска локација и електронскиот систем за наплата ќе биде инсталиран во 500 автобуси, од кои 384 се автобуси на ЈСП, а 116 се на приватните превозници. Граѓаните ќе можат еден билет да користат за возење и во автобусите на приватните превозници и во автобусите на ЈСП. Средствата од продажбата на билетите ќе ги добива Градот Скопје, а на превозниците Градот ќе им префрла средства по поминат километар. Се надеваме дека со воведувањето на овој современ систем ќе имаме целосна контрола на редот на возење на автобусите. За реализација на овој проект Градот Скопје ќе издвои околу 3 милиони евра – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

На автобуските стојалишта ќе се постават над 50 информациски дисплеи преку кои патниците ќе се информираат за времето на пристигнување на автобусите, а ќе бидат достапни и други комуникациски алатки за информирање. Со инсталирањето на овој систем на граѓаните ќе им се понуди побрз, поквалитетен и побезбеден превоз.



# „ЈСП ТУРС" НА НОВА ЛОКАЦИЈА ВО ЦЕНТАРОТ

„ЈСП ТУРС" работи во нови простории во центарот на градот, на улицата Даме Груев. Туристичката агенција на ЈСП со А лиценца постои и успешно работи веќе 20 години.

Целта на „ЈСП ТУРС" е да им помогне на граѓаните безбедно и удобно да стигнат на посакуваната дестинација, избирајќи аранжмани коишто најмногу им одговараат. Агенцијата на клиентите им нуди превоз (патен и авиосообраќај) и аранжмани за многубројни атрактивни туристички дестинации секаде низ светот, во текот на целата година. Заинтересираните можат да ги посетат просториите на „ЈСП ТУРС" и да го изберат своето патување 6 дена во неделата (од понеделник до сабота).

# НАБАВЕНИ 1. 000 НОВИ ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ОТПАД







Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ набави 1.000 нови пластични контејнери за комунален отпад кои ќе се поставаат на градските улици и ќе придонесат за подигнување на јавната хигиена.

- Со цел да се подобри подигањето на отпадот на територијата на градот Скопје, набавени се 1. 000 нови пластични контејнери, секој со зафатнина од 1,1 кубни метри. Овие контејнери ги задоволуваат стандардите EN 840-2,5,6 и се изработени од нерециклиран високомолекуларен полиетилен, отпорни се на високи и ниски температури, УВ-зраци и на хемиски и биолошки влијанија. Апелираме до граѓаните во овие контејнери да не одлагаат запаллив отпад и да ги чуваат од оштетувања. Досега се запалени 90 контејнери и е причинета голема материјална штета. Градот Скопје за да се подобри јавната хигиена во градот има набавено и 2 големи камиони за миење и чистење на улиците, а годинава планираме да набавиме уште 2 нови камиони. Нашата намера е за секоја општина да набавиме по еден камион што ќе се користи за одржување на хигиената на улиците. Но, тоа што е најзначајно и сакам да го потенцирам е што ЈП „Комунална хигиена“ од претпријатие со долг од 7 милиони денари во 2007 година стана самоодржливо и од сопствени средства набавува опрема за работа - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите контејнери, која се одржа на 5 мај.

Директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи, објасни дека набавените контејнери се со рамен капак кој се отвора со механизам што се придвижува со нога, а ќе се празнат со постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“.

Деновиве овие контејнери се поставуваат на оние локации во градот каде што претходно имаше поставено метални контејнери.

*Во општините Кисела Вода, Гази Баба и Аеродром*

# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ПОЕФИКАСНО ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАДОТ ОД ДОМАЌИНСТВАТА





Подземните контејнери што во текот на изминатите месеци беа поставени на повеќе локации во општините Кисела Вода, Гази Баба и Аеродром се во функција и овозможија поефикасно одлагање и селектирање на отпадот од домаќинствата.

Во општината Кисела Вода подземни контејнери се поставени на три локации, и тоа во населбата Драчево, на улицата Димитрие Чуповски; кај ОУ „Круме Кепески“ и на улицата Михаил Чаков, кај ОУ „Невена Георгиева Дуња“. За реализација на овој проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Кисела Вода и ЈП „Комунална хигиена“.

Во општината Гази Баба, исто така, се поставени подземни контејнери на три локации: во населбата Железара, на улицата Гемиџиска; во населбата Ченто (последна автобуска станица на бројот 45, кај зградите) и во населбата Автокоманда (кај пензионерскиот дом). На секоја локација се поставени по три подземни контејнери. За овој проект се издвоени 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Гази Баба и ЈП „Комунална хигиена“.

Во општината Аеродром подземните контејнери се поставени на три локации - на булеварот Февруарски поход; на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Три бисери“ и на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Капитол“. На секоја локација се поставени по три подземни контејнери со зафатнина од три кубни метри, од кои два се за мешовит отпад од домаќинствата, а еден контејнер е за ПВЦ амбалажа. Вкупната инвестиција за овој проект изнесува 6,6 милиони денари и во неа подеднакво, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, ЈП „Комунална хигиена“ и Општина Аеродром.

Празнењето на подземните контејнери е на хидрауличен погон, за што се користат три од постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“, коишто се специјално надградени за оваа намена.

Системот за собирање на комуналниот отпад во подземни контејнери е исклучително софистициран и успешен и веќе подолг период се применува во светски рамки, со одлични ефекти во заштитата и зачувувањето на здравјето на граѓаните и животната средина.


„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје

# ПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ЗА ЦРЕШЕВО

Градоначалникот Коце Трајановски и градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски на 5 јуни го означија почетокот на изградбата на примарниот фекален колектор за населеното место Црешево. Новиот колектор ќе биде долг 1. 400 метри, со профил на цевки од 50 милиметри, а треба да биде завршен за околу три месеци.



- Овој проект е уште еден во низата проекти со кои директно придонесуваме за поздрава и почиста средина и за подобрување на условите во кои живеат жителите на Црешево – вели градоначалникот Трајановски.

За изградба на новиот фекален колектор ќе бидат вложени околу 7 милиони денари, од кои 3 милиони денари ќе одвои Градот Скопје, а 4 милиони денари ќе одвои Општината Гази Баба.

Според планот, втората фаза од овој проект ќе опфати изградба на пречистителна станица, која ќе ги пречистува отпадните води и ќе ги одведува до каналската мрежа.

# ИСЧИСТЕНИ КОРИТАТА НА ВАРДАР, СЕРАВА И УСЈАНСКИОТ КАНАЛ

Екипи на ЈП „Улици и патишта" во текот на изминатиот месец рачно ги чистеа косините и коритата на реката Вардар и на Усјански канал од дивоизраснатата вегетација.

Чистењето на косините и коритото на реката Вардар од нискостеблестата вегетација беше спроведено на потегот од Луна парк до мостот „Гоце Делчев" во должина од 1. 300 метри, од двете страни. Исто така, целосно се исчистени косините и коритото на реката Вардар на потегот од мостот кај хотелот „Холидеј ин" до мостот кај Железничката станица во должина од 800 метри, од двете страни.

Рачно е исчистена и нискостеблестата вегетација во Усјанскиот канал на подрачјето на општината Аеродром, на потегот од улицата Горно Лисиче до железничката пруга, во должина од 680 метри, како и во општината Кисела Вода, од населбата Усје до железничката пруга во населбата Градинар, во должина од 1. 135 метри.

Во текот на изминативе месеци екипите на ЈП „Улици и патишта" машински ги чистеа коритото и косините на реката Серава. Акцијата почна на локација кај Римскиот аквадукт на должина од 200 метри, а продолжи со чистење на коритото и косините на реката Серава на потегот меѓу мостот на булеварот Словенија и мостот на улицата Шуто Оризари во должина од 364 метри.

Во оваа акција за чистење, од коритото на реката Серава беа извадени околу 3. 700 кубни метри наноси на мил, земја, комунален отпад и нискостеблеста вегетација.

ПРЕТХОДНО



*Чистење на коритото на реката Серава*

ПОТОА



*12-ти циклус посети на скопските општини*

# СРЕДБИ СО ГРАЃАНИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Во текот на мај и на јуни годинава претставниците на урбаните и на месните заедници од сите 10 скопски општини имаа можност да се сретнат со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, со директорите на јавните претпријатија и со претставниците на градската администрација во рамките на 12-от циклус посети на скопските општини.

- На овие средби претставниците на урбаните и на месните заедници имаат можност непосредно да ни ги пренесат нивните ставови и мислења за работата на јавните претпријатија и на градската администрација, да ни ги посочат недостатоците во својата работа и да ни дадат предлози за надминување на одредени состојби и проблеми. Дополнително, на овие средби се дискутира и за најважните проекти коишто се реализираат во тековната година на подрачјето на соодветните општини, како и за преостанатите приоритети на граѓаните. Овие средби се покажаа како многу корисни бидејќи преку нив значително се подобри квалитетот на работата и на услугите што ги даваат јавните претпријатија и администрацијата, а воедно се подобри и квалитетот на животот во Скопје – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Заедно со средбите со претставниците на урбаните и на месните заедници на подрачјето на скопските општини се одвиваа и големи акции за чистење на јавните површини. Така, екипите на ЈП „Комунална хигиена" ги заменуваа оштетените контејнери, го чистеа просторот и ги миеја улиците, екипите на ЈП „Паркови и зеленило" ја косеа тревата, ги кастреа гранките и ги уредуваа зелените површини, екипите на ЈП „Улици и патишта" крпеа ударни дупки, а работниците од ЈП „Водовод и канализација" отстрануваа дефекти во водоснабдувањето.

Наредниот циклус посети на општините ќе се одржи наесен, кога традиционално повеќе ќе се дискутира околу креирањето на буџетот на Град Скопје и на јавните претпријатија за наредната година.







# ШАРЕНИЛО ОД БОИ НА ВТОРИОТ






Вториот СКОПСКИ ЦВЕТЕН ФЕСТИВАЛ, којштo се одржуваше на 16 и на 17 мај во вториот дел од Градскиот парк, привлече илјадници посетители кои имаа можност да ги погледнат изложените цвеќиња, да уживаат во цветните аранжмани, да се едуцираат и да се забавуваат на отворено.

- Фестивалот на цвеќето, кој се одржува под покровителство на Град Скопје, а во организација на ЈП „Паркови и зеленило“, им овозможува на посетителите да ја погледнат богатата понуда на различни цвеќиња и садници, да учествуваат во креативни работилници каде што вработени во ЈП „Паркови и зеленило“ споделуваат свои искуства за правилно садење и одгледување цвеќиња и да поминат убави мигови во природа со своите семејства или со пријателите. Екипите на Градот Скопје постојано садат и ги одржуваат цвеќињата на јавните површини и околу булеварите. Нашата намера е да го разубавиме просторот и Скопје да го направиме град на цвеќето - вели градоначалникот Коце Трајановски.










# СКОПСКИ ЦВЕТЕН ФЕСТИВАЛ



Делот од Градскиот парк на којшто се одржуваше цветниот фестивал беше поделен на три зони:

Првата зона беше наменета за креативни работилници, анимации, креации, иновации и идеи. Вработени во ЈП „Паркови и зеленило“ учествуваа на креативните работилници и на сите заинтересирани учесници им пренесуваа искуства за правилно садење и одгледување цвеќиња. Учесниците во работилниците имаа можност да научат и како да изработат цветно оригами, венчиња за девојчиња, цветен аранжман...

Во втората зона – зона за промоција, познати цвеќари и фирми за хортикултурно и пејзажно уредување имаа изработено мини градини. Во овој дел граѓаните можеа да купат цвеќе по намалени цени.

Во третата зона – зона за забава и еко-пикник, граѓаните имаа можност да погледнат цветни перформанси, да вежбаат аеробик и зумба со своите деца и да слушаат музика во прекрасниот цветен амбиент.





## ДОДЕЛЕНИ БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ

Градот Скопје и оваа пролет ја продолжи традиционалната акција за доделување садници на заинтересираните куќни совети и урбани и месни заедници, на коишто додели 2.000 дрвца (листопадни и зимзелени) од ЈП„Паркови и зеленило“. Доделените садници од Градот Скопје се стручно засадени од вработени во ЈП„Паркови и зеленило“.

Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира осма година по ред, во две етапи, односно напролет и наесен.

*Конференција*

# УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ – ЛЕД МОЖНОСТИ, ФИНАНСИРАЊЕ И ИНВЕСТИЦИИ



Градоначалникот Коце Трајановски на 28 април годинава учествуваше на конференцијата насловена „Улично осветлување – ЛЕД можности, финансирање и инвестиции". Конференцијата беше првиот настан од предвидени три во проектот „Договори за гарантирање на енергетски карактеристики во уличното осветлување", финансиран од програма за енергетска ефикасност на Европската комисија, а на неа поголем број домашни и странски компании ги презентираа можностите и бенефитите од инвестирањето во ЛЕД уличното осветлување.

- Уличното осветлување претставува важна област за единиците на локалната самоуправа, бидејќи квалитетното улично осветлување придонесува за поголема безбедност на патиштата, а воедно неговото одржување е поекономично. Градот Скопје е потписник на Повелбата на градоначалниците на градовите и општините од Европа за енергетска ефикасност, со која се обврзавме до 2020 година да работиме на намалување на емисијата на штетни гасови за 20 проценти. Од 2009 година Градот Скопје ги смени старите живини светилки за улично осветлување со нови натриумови светилки, со што заштедата во електрична енергија изнесува над 35 проценти. Во меѓувреме, технологијата на ЛЕД осветлувањето многу напредна: истото е поевтино, заштедата на електрична енергија е поголема, со што инвестицијата се враќа за пократко време, па овие светилки станаа интересни за локалната самоуправа - рече градоначалникот Трајановски.

Проектот „Договори за гарантирање на енергетските карактеристики во уличното осветлување" има за цел да поттикне проекти во областа на уличното осветлување во вкупно 9 региони во Европа, преку отворање регионални центри за поддршка на ДГЕК. Регионалните центри ќе нудат сеопфатна поддршка на општините и на малите и средните претпријатија кои имаат интерес за спроведување на овој тип проекти. Со спроведувањето на проектот се очекува да се постигне обединување на три подеднакво важни цели: поттикнување и воспоставување пазар за ДГЕК кои ќе гарантираат енергетски услуги; поддршка на пазарот при воведување енергетски ефикасни технологии за улично осветлување и поддршка за општините во постепеното исфрлање од употреба на светилките за улично осветлување и нивна соодветна замена (во согласност со Регулативата 245/2009 на Европската комисија во периодот од 2012 до 2017 година).

Проектот го реализираат проектните партнери, односно здружението Центар за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) и Град Скопје.



# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОТПОРНОСТ ОД КАТАСТРОФИ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Градот Скопје со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) ја почна изработката на проектот „Зголемување на урбаната отпорност со употреба на ИКТ за вклучување на намалувањето на ризикот од катастрофи и климатски промени во главните текови во Ерменија, Македонија и во Молдавија. Целта на овој проект, чија презентација се одржа на 16 април годинава, е да се создаде отпорност на природните и климатските катастрофи во трите држави преку зголемување на институционалниот капацитет, мобилизација на знаењето и трансфер на најдобрите иновативни технологии.

Овој проект ќе се реализира до крајот на 2016 година.

Посебен бенефит за Градот Скопје ќе биде изготвувањето на два многу важни проекти: Попис на стакленички гасови за Град Скопје за 2008 и 2012 година и Стратегија за намалување и адаптирање на климатските промени со Акциски план. По реализацијата на овој проект, Градот Скопје ќе добие сеопфатен документ со можни сценарија, решенија и акциски планови за справување со катастрофи и климатски промени според кои ќе може да ги координира своите активности во такви услови.

# ДЕНОВИ НА ПРОЛЕТТА - ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА 2015



Како дел од традиционалната градска манифестација „Денови на пролетта - денови на екологијата 2015" на 20 март годинава во Паркот на природата „Гази Баба" се одржаа едукативни предавања за заштита на бувот и акции за садење дрвца.

Едукативните предавања за значењето и заштитата на бувот, за децата од градинката „Детска радост" од општината Гази Баба, ги спроведе Македонското здружение за заштита на бувови („Macedonia owl trust") во рамките на кампањата „Ајде да го заштитиме бувот". Во Паркот на природата „Гази Баба" беа поставени и повеќе куќарки за бувови. Ученици од СУГС „Панче Арсовски" и од СУГС „Цветан Димов", пак, засадија околу 100 дрвја (листопадни и зимзелени).

Акција за садење дрвја се одржа и на Средно Водно, кај почетната станица на жичницата, каде што Градот Скопје во соработка со Друштвото за управување со пакувања и отпад од пакувања „ПАКОМАК" засадија 60 дрвја, а се поставуваа и табли со еко-пораки и историски податоци за Скопје по должината на планинарските патеки на парк-шумата „Водно". Овие активности се одвиваа со ученици од основните училишта и со штитениците од Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака".





# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Градот Скопје, Општината Гази Баба и Факултетот за земјоделски науки и храна на 22 април годинава организираа голема акција за чистење и уредување на јавните пешачки и зелени површини по должината на булеварот Александар Македонски, на потегот од крстосницата на овој булевар со улицата 16.Македонска бригада до клучката кај хотелот „Континентал", како и во кругот на факултетскиот кампус. Акцијата за чистење се организираше по повод 22 Април – Денот на планетата Земја, а како дел од проектот „Градиме здрава, зелена и безбедна иднина".



Во рамките на оваа акција, екипите на ЈП „Паркови и зеленило" ги кроеја и кастреа гранките на дрвјата по должината на булеварот Александар Македонски, ја косеа тревата и ги уредуваа зелените површини. Работниците на ЈП „Комунална хигиена", пак, го отстранија сметот, ги исчистија пешачките патеки и го измија коловозот. Студенти од Факултетот за земјоделски науки и храна во дворот на факултетот засадија цвеќиња и чемпреси.

Акцијата за чистење и уредување на зелените површини на булеварот Александар Македонски и во дворот на факултетскиот кампус имаше цел да ги мотивира граѓаните одговорно да се однесуваат према животната средина и да се грижат за неа.







*Градот Скопје испрати порака за штедење на енергетските ресурси*

# ЕДНОЧАСОВНО ЗАТЕМНУВАЊЕ ЗА „ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА“

Со исклучување на уличното осветлување на улицата Македонија, плоштадот „Македонија“ и плоштадот „Филип Втори“, како и на илуминациите на палатата „Пелистер“, Ристиќевата палата, Камениот мост, Скопската тврдина, мостот „Око“, Мостот на уметноста, Археолошкиот музеј и Музејот на македонската борба за самостојност Градот Скопје на 28 март годинава од 20:30 до 21:30 часот се вклучи во одбележувањето на светски познатото движење „Час на планетата Земја“. Во истиот термин, стотици градови од 162 држави во светот ги исклучија светилките и испратија порака за штедење на енергетските ресурси и за намалување на климатските промени.

Кога се исклучија светилките во центарот на Скопје, на просторот меѓу палатата „Пелистер“ и Ристиќевата палата, присутните граѓани имаа можност да погледнат уникатен флеш моб перформанс со светлечки ефекти.

На плочникот, пак, со запалени свеќички беше формиран бројот 60+ што означува шеесетминутно штедење на енергетските ресурси и заштита од климатските промени.

Организатори на оваа активност беа Градот Скопје, Здружението за заштита на животната средина „Часот на планетата Земја 60+“, Црвениот крст и Министерството за животна средина и просторно планирање. Акцијата ја поддржа и ЕВН која го исклучи и повторно го вклучи осветлувањето на наведените објекти без надоместување на финансиските трошоци.

Планетарното движење „Часот на планетата Земја“ е поддржано од светски познатата еколошка организација WWF.





# НАГРАДИ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Градоначалникот Коце Трајановски на 5 јуни ги додели наградите на најдобрите во традиционалниот градски конкурс за најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, за најубаво уреден двор и за најубав состав и цртеж на тема екологија за ученици од основните и од средните училишта.

- Токму на Денот на животната средина – 5 јуни, Градот Скопје ги доделува наградите на јавниот конкурс за најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, за најубаво уреден двор и за најубав состав и цртеж на тема екологија за ученици од основните и од средните училишта. Овој конкурс Градот Скопје годинава го распиша на 21 март - првиот ден на пролетта и траеше до 25 мај. Нашата цел е преку вакви активности да ја поттикнеме и промовираме грижата за животната средина и природата кај граѓаните и кај компаниите во Скопје. Мене ми претставува задоволство што овој конкурс е популарен меѓу граѓаните и што од година во година сме сведоци на се подобри еколошки проекти, се поголеми заложби кај компаниите за почиста средина, убаво уредени зелени дворови и ученички состави и цртежи со силни еколошки пораки. Ние имаме аманет грижливо да се однесуваме спрема средината во која живееме, да не ги загадуваме водата, почвата и воздухот и да овозможиме нашите најмили, нашите деца, да растат во здрава и во чиста околина. Сметам дека со мала промена во секојдневните навики и однесувањето, секој од нас може да придонесе за поздрава и почиста животна средина, а Градот Скопје и натаму ќе работи на низа проекти за зачувување на средината – рече градоначалникот Трајановски, на доделувањето на наградите.

На годинешниов градски конкурс наградите ги добија:

За Најголем придонес во областа на заштитата на животната средина (правни и/или физички лица кои со својата активност и залагање сториле најмногу за зачувување и унапредување на животната средина во Скопје) наградата ја доби:

- Компанијата „Ф-ГРУПАЦИЈА" - лиценцирана компанија за вршење дејност за складирање и третман на отпад од електрична и електронска опрема и други видови отпад, отпад од батерии и од акумулатори, отпадна пластика, хартија и друго, која во последниве три години има складирано и третирано околу 200 тони отпад од електрична и електронска опрема, околу 10 тони батерии и околу 50 тони акумулатори.

За Најубаво уреден двор на индивидуална куќа, наградата ја поделија:

- Стојан Арсиќ, за двор во населбата Ќерамидница
- Игор Цветковски, за двор во населбата Драчево

За Најубав состав на тема екологија, за ученици од основните училишта наградата отиде во рацете на:

- Јована Неделковска VII одделение во ОУ „Наум Охридски"

За Најубав состав на тема екологија, за ученици од средните училишта наградата ја освои:

- Ања Петковска IIб во СУГС „Кочо Рацин"

За Најубав цртеж на тема екологија, за ученици од основните училишта наградата ја делат:

- Ангела Ацковска Va одделение во ОУ „Којдан Чернодрински" и
- Надица Ангеловска VIIб одделение во ОУ „Григор Прличев"

За Најубав цртеж на тема екологија, за ученици од средните училишта наградата отиде во рацете на:

- Стефан Александарски IIa во ДСУЛУД „Лазар Личеноски".









*Во Капиштец*

# ОТВОРЕН ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ



На 10 јуни градоначалникот Коце Трајановски и министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, го отворија новиот Центар за лица со интелектуална попреченост над 18-годишна возраст, кој е сместен на улицата Васил Ѓоргов број 4, во Капиштец.

- Отворањето на новиот Дневен центар за лица со интелектуална попреченост е резултат на заедничката иницијатива на Градот Скопје, Министерството за труд и социјална политика и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост„ПОРАКА"од Скопје. Овој центар треба да обезбеди дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, советодавна работа и услуги на организирано поминување на времето на лицата со попреченост во интелектуалниот развој. Во дневниот центар во кој ќе бидат опфатени лица со умерена и тешка интелектуална попреченост на возраст над 18 години, ќе се изведуваат програмски активности кои ќе се однесуваат на реализација на индивидуална програма за работа за секое лице, но ќе има и програма за групни активности, како и работа со родителите на корисниците на центарот. Сево ова ќе овозможи оспособување за самостојно живеење, социјализација и интеграција на лицата со интелектуална попреченост во локалната заедница, работно-окупациони активности, практични и социјални активности. Со отворањето сервисна служба за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства Градот Скопје ги потврдува своите заложби за обезбедување подобри услови за лицата со посебни потреби и воедно се надоврзува на приоритетот на Министерството за труд и социјална политика за развивање на мрежата на дневни центри за лица со интелектуална попреченост - истакна градоначалникот Трајановски.

За непречено функционирање на Дневниот центар во Капиштец Градот Скопје ќе обезбедува финансиски средства во висина од 400.000 денари на годишно ниво.

# МЕЃУНАРОДЕН ДОБРОТВОРЕН БАЗАР

По повод 1 јуни - Меѓународниот ден за заштита на детето, во Градскиот трговски центар се одржа петтиот по ред Меѓународен добротворен базар 2015. На манифестацијата, претставници на поголем број амбасади и странски претставништва на штандови продаваа ракотворби и производи карактеристични за нивните држави, а сите собрани средства ќе бидат донирани за хуманитарни цели. На годинешниот базар имаше штандови од амбасадите на Србија, Кина, Словенија, Црна Гора, Бугарија, Грција, Франција, Велика Британија, Романија, Шпанија, Босна и Херцеговина, Словачка, Унгарија и Италија.

- Градот Скопје посветено работи на унапредување, подобрување и заштита на децата во сите полиња од општественото живеење. Минатата година средствата собрани од оваа манифестација беа донирани во училиштето за деца со посебни потреби „Златан Сремац", а оваа година, собраните средства ќе бидат наменети за Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА" – рече градоначалникот Коце Трајановски.

Меѓународниот добротворен базар 2015 е во организација на невладината организација „Добредојде - Македонија Велкам Центар", а годинава по вторпат е финансиски поддржан од Градот Скопје.






### И во текот на ова лето
# ЌЕ СЕ ОБНОВУВААТ ЗГРАДИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

За да се подобрат условите во кои учат средношколците, Градот Скопје и оваа година, во текот на летниот распуст, ќе ги обнови и реконструира објектите на средните училишта што се во негова надлежност. Ова лето градежни работи ќе се изведуваат во девет средни училишта на Град Скопје.

Според планот, во СУГС„Раде Јовчевски Корчагин" ќе се заменуваат прозорците; во СУГС„Цветан Димов" ќе се обнови столаријата; во СУГС„Здравко Цветковски" ќе се работи на реконструкција на гардеробите и на надворешната фискултурна сала; во СУГС„Панче Арсовски" ќе се реконструира фасадата и покривот; во СУГС„Орце Николов" ќе се работи на реконструкција на прозорците, а во СУГС „Никола Карев" ќе се санира покривот.

Градежни активности ќе се одвиваат и во СУГС„Владо Тасевски" каде што ќе се реконструираат санитарните јазли; во СУГС „Браќа Миладиновци" ќе се менува подната површина во ходниците и во дворот; во СУГС„Арсени Јовков" ќе се изврши реконструкција на дворната површина, а во СУГС „Цветан Димов" ќе се обноват подовите.

Градежните зафати за реконструкција на објектите и на спортските сали на средните училишта на Град Скопје ќе придонесат за исполнување на стандардите за енергетска ефикасност и значително ќе ги подобрат функционалноста и изгледот на училишните објекти.


СУГС„Панче Арсовски"

# МАТУРАНТИТЕ ИГРАА КВАДРИЛ

На плоштадот „Пела" на 22 мај се одржа деветтата по ред „Матурска парада 2015", а матурантите од Скопје точно напладне, заедно со своите врсници од повеќе градови од земјава и од Европа, го одиграа танцот „квадрил" на звуците на штраусовата опера „Лилјакот".

- Матуранти, Вие денеска, како учесници во интернационалниот проект „Матурска парада" ќе се поврзете со илјадници матуранти од повеќе европски градови и ќе се вклучите во новите текови на прославување, но и на обединување. Вие, матурантите од средните училишта на Град Скопје давате свој значаен придонес во една повисока заедничка цел - поставување нов Гинисов рекорд. Се надеваме дека Вашиот пример ќе го следат идните генерации матуранти кои ќе ја продолжат традицијата и ќе ја пренесуваат пораката за мир и толеранција во светот - им порача на матурантите градоначалникот Коце Трајановски.

Танцот квадрил годинава го одиграа матуранти од СУГС„Раде Јовчевски-Корчагин", СУГС„Никола Карев", СУГС„Зеф Љуш Марку", СУГС„Јосип Броз-Тито", СУГС„Панче Арсовски", СУГС„Браќа Миладиновци", СУГС „Георги Димитров", СУГС „Цветан Димов", СУГС „Д-р Панче Караѓозов", СУГС „Васил Антевски-Дрен", СУГС „Арсени Јовков", СУГС Марија Кири-Склодовска, СУГС„Здравко Цветковски", СУГС„Владо Тасевски", АСУЦ„Боро Петрушевски", СУГС„Димитар Влахов", СУГС„Орце Николов", СУГС„Лазар Танев", СУГС„Михајло Пупин", ДМБУЦ„Илија Николовски-Луј" и Петта приватна гимназија.



Организатори на годинешнава Матурска парада се Дирекцијата за култура и уметност на Скопје во соработка со танцовиот клуб „Ритам плус", а покровител е Градот Скопје, односно градоначалникот Коце Трајановски.

# ВЕЖБА ЗА СПАСУВАЊЕ „ВАРДАР 2015“

На 23 април на кејот на реката Вардар, покрај мостот „Тодор Александров“ во населбата Аеродром, се одржа вежба за справување со поплави во урбана зона - „Вардар 2015“. Вежбата е во рамките на Програмата на Европската комисија за цивилна заштита и хуманитарна помош, а во организација на Градот Скопје, кој е партнер на европскиот проект за зајакнување на локалните капацитети за справување со поплави „АХЕЛУС“.

Со вежбата „Вардар 2015“ раководеше Штабот за заштита и спасување на Градот Скопје, а учествуваа сите јавни претпријатија во надлежност на Град Скопје (ЈП „Водовод и канализација“, ЈП „Комунална хигиена“, ЈП „Улици и патишта“, ЈП „Паркови и зеленило“, ЈП „Градски паркинг“ и Јавното сообраќајно претпријатие), Противпожарната бригада на Градот Скопје, Секторот за посебни единици на МВР, СВР Скопје, Регионалниот центар на Центарот за управување со кризи, Подрачната единица на Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, ЕЛЕМ, ЕВН, Црвениот крст на град Скопје, Службата за итна медицинска помош на подрачјето на градот Скопје, АРМ, како и претставници од тела од повеќе општини од Скопскиот плански регион низ кои поминува реката Вардар.

Во рамките на оваа вежба беа ангажирани 185 лица од градските служби и од институциите, 50 волонтери/студенти на Факултетот за безбедност и Институтот за безбедност, мир и развој од Скопје. Дополнително, беа ангажирани 8 специјални возила од различен тип, 3 речни чамци за спасување, моторна пумпа, 4 амбулантни возила, 3 полициски возила и хелихоптер.

- Ние не можеме да влијаеме врз појавата на природни катастрофи, но затоа можеме да ги намалиме штетите и да ги заштитиме загрозените граѓани и нивните имоти. За таа цел треба постојано да вложуваме напори за надградување на знаењето и на вештините на припадниците на професионалните служби и на граѓаните. Активностите на проектот „АХЕЛУС“ се насочени кон зајакнување на капацитетите на човечките ресурси, па оттаму очекувам дека значително ќе се придонесе за поуспешно справување со можни идни поплави во Скопје и во скопскиот регион - рече Секретарот на Град Скопје, Марјанчо Тодоровски.

Основна цел на проектот е зајакнување на локалните капацитети за справување со поплави, проверка и подготовка на професионалните служби и граѓаните за дејствување во вонредни околности, размена на искуства и градење добри практики во случај на евентуални поплави предизвикани од излевање на реката Вардар.

Секретарот на Град Скопје, Марјанчо Тодоровски, на 24 април додели благодарници на сите учесници во вежбата за спасување „Вардар 2015“.









# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО 2015



Градот Скопје на 20 мај традиционално го одбележа Денот на пожарникарството во противпожарната станица во Автокоманда. Прославата почна со свечено постројување на скопските пожарникари, а командантот на  Противпожарната бригада на Град Скопје, Благоја Менковски, на градоначалникот Коце Трајановски, на претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева и на директорот на Бирото за јавна безбедност, Горанче Савовски, им поднесе рапорт.

- Противпожарната бригада на Град Скопје е задолжена за гасење пожари на подрачјето на Скопје, спасување на животот и имотот на граѓаните загрозени од пожари и од експлозии и голем број други елементарни непогоди, а своите активности ги извршува од Центарот во Автокоманда и од четири потцентри: Ѓорче Петров, Бит-пазар, Тафталиџе и Драчево. Благодарение на Владата на Република Македонија, неодамна беше поставен камен-темелник за нова зграда во која ќе бидат сместени МВР-полициска станица Ѓорче Петров и  Бригадата за противпожарна заштита - потцентарот  Ѓорче Петров. Во 2012 година и кадровски беше зајакната оваа бригада, беа вработени 25 нови пожарникари, а следниот месец се очекува уште едно ново кадровско засилување со уште 30 млади пожарникари. Во изминатите 5 години, Градот Скопје вложи многу ресурси и енергија за опремување и модернизација на противпожарната бригада, а како најважни инвестиции може да се издвојат: Во 2010 година се набавени два спасувачки чамци со мотор, термокамера, две теренски возила, заштитни противпожарни капи и ракавици според европските стандарди и летни униформи за што Градот вложи околу 20 милиони денари; Во текот на 2010 година се реновирани дел од санитарните јазли во станицата во Автокоманда, реновиран е дел од противпожарниот потцентар Тафталиџе, набавена е канцелариска опрема, мебел и постелнина за сместувачките капацитети, како и информатичка опрема; Противпожарната бригада доби донација од користена противпожарна опрема од збратимениот град Нирнберг, Германија -120 апарати за дишење на нормален притисок, 100 маски за дишење, 30 апарати за дишење,  450 челични шишиња за притисок од 300 бари, 80 композитни шишиња од 6,9 литри на 300 бари, 4 колички за транспорт на истите, сет за преиспитување на квалитетот на воздухот, 300 апарати за предупредување дека постои опасност од смрт и резервни делови за дишните апарати со специјален алат и книга со упатство. Износот на донацијата од градот Нирнберг е во висина од околу 300.000 евра; Во 2011 година за бригадата се набавени три нови противпожарни возила за гасење пожари во урбана средина. Едното противпожарно возило е набавено од Градот Скопје, а две противпожарни возила се донација од Владата на РМ. Градот Скопје за набавка на противпожарното возило од буџетот издвои околу 13,6 милиони денари. Со инвестиција од 1,2 милиони денари е набавен и заменет стариот дотраен репетитор за нормално функционирање на радиоврските кои се неопходни во секојдневното работење на единицата и по долго време е направено сервисирање на хидрауличната платформа - рече  градоначалникот Трајановски.

Трајановски истакна дека и во текот на 2012 година е набавено едно теренско возило за чија набавка беа издвоени милион денари; за пожарникарите се набавени професионални заштитни чевли за што се одвоени околу 700.000 денари; набавени се 250 заштитни шлемови, 250 батериски светилки, во вредност од 4,5 милиони денари  и две пумпи за вода со капацитет на испумпување вода од 1 500 литри  за минута, за што беа издвоени 1,3 милиони денари.



# ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО НЕПАЛ

Советот на Град Скопје на 44-та седница, којашто се одржа на 30 април, донесе Одлука за давање помош на настраданите во катастрофалниот земјотрес во Демократска Република Непал. Со оваа одлука, Градот Скопје, како израз на солидарност спрема настраданите додели парична помош во износ од  милион денари.

# ОТВОРЕНИ ИГРАЛИШТАТА НА ПЛАЖАТА „ПАРК“



Сите заинтересирани граѓани може бесплатно да спортуваат и да се рекреираат на одбојкарското и на ракометното игралиште на песок на Градската плажа „Парк“. Двата спортски терени се отворени секој ден во термините од 10 до 24 часот.

Закажување за користење на игралиштата може да се врши на телефонските броеви: 02/ 3297 - 238 и 02/ 3297 - 320 до 16:30 часот секој работен ден или на самото игралиште во горенаведениот период.

Терминот за бесплатно користење на одбојкарското и на ракометното игралиште на песок на Градската плажа „Парк“ е со времетраење од 1 час.



# ИКАС 2015

Душан Стојиљковиќ од Србија е победник на годинешното 47. издание на меѓународната манифестација Илинденски кајак слалом – ИКАС 2015, што на 4 и на 5 април се возеше на патеката на Матка.

Во женска конкуренција во К-1 победи Викторија Ус од Украина, а најдобар во Ц-1 во машка конкуренција беше Богдан Букара од Србија.

На годинешново издание на ИКАС учествуваа 150 натпреварувачи од 11 земји учеснички и тоа од: Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Грција, Турција, Украина, Казахстан, Литванија, Црна Гора и од Бугарија.

Град Скопје е традиционален покровител на ИКАС и за неговата организација годинава издвои околу 180.000 денари.

# ПО ТРЕТПАТ ТРКА „ПРВ ДО ВРВ“

На 24 мај по третпат се одржа манифестацијата за рекреативно искачување на Водно „Прв до врв“. Во годинешната трка учествуваа неколку илјади натпреварувачи, во машка и во женска конкуренција во традиционална планинарска трка, а се одржа и велосипедска планинска и друмска трка. На врвот на Водно, на најуспешните медалите им ги додели градоначалникот Коце Трајановски.

Победници на „Прв до Врв“ 2015 се:

Планинско трчање, жени: Росица Костова

Планинско трчање, мажи: Стефен Убел

Друмски велосипедизам, жени: Карин Пидел

Друмски велосипедизам, мажи: Стефан Петровски

Планински велосипедизам, жени: Сања Николовска

Планински велосипедизам, мажи: Денис Колевски.



# ГОЛЕМ УСПЕХ НА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ 2015

Во учебната 2014/2015 година во системот на натпревари меѓу средните училишта во Скопје учествуваа околу 6. 000 ученици од 28 средни училишта кои одиграа околу 1.000 натпревари. Средношколците и годинава се натпреваруваа во ракомет, кошарка, футсал, одбојка, куглање и стрелаштво во машка и во женска конкуренција, а се организираа и натпревари во бадминтон, атлетика, пинг – понг, карате и шах.

Финалните натпревари се одиграа од 12 до 14 мај во спортските сали на СУГС „Кочо Рацин" и на СУГС „Васил Антевски-Дрен", на препознатливиот градски фајнл фор. Градскиот првак и второпласираниот од скопската зона учествуваа во финалните натпревари на државно ниво.

На градскиот фајнл фор беа постигнати следниве резултати:

ФУТСАЛ М
ДУФК„М.М.Брицо"
СУГС„Арсени Јовков"
РАКОМЕТ М
ДУФК„М.М.Брицо"
СУГС„Владо Тасевски"
КОШАРКА М
СУГС„Р.Ј.Корчагин"
СУГС„Панче Караѓозов"
ОДБОЈКА М
СУГС„Орце Николов"
ДУФК„М.М.Брицо"

ФУТСАЛ Ж
1. ДУФК„М.М.Брицо"
2. СУГС„В.А. Дрен"

РАКОМЕТ Ж
1. ДУФК„М.М.Брицо"
2. СУГС„В.А.Дрен"

КОШАРКА Ж
1. СУГС„Орце Николов"
2. ДУФК„М.М.Брицо"

ОДБОЈКА Ж
1. СУГС„Орце Николов"
2. ДУФК„М.М.Брицо"



Како награда за постигнатите резултати Градот Скопје за најспешните средношколци-спортисти организира пријателски натпревари со соодветни екипи од збратимените и пријателските градови на Скопје. За организација на средноучилишните спортски лиги Градот Скопје годинава одвои два милиона денари.

# НАЈДОБРИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ НА НАТПРЕВАРИ ВО ИСТАНБУЛ

Најдобрите средношколци-спортисти од Скопје се натпреваруваа со своите врсници од Истанбул, на 5-те по ред спортски натпревари во женска и во машка конкуренција во кошарка, ракомет, футсал, како и во одбојка во женска конкуренција.

- Ова е петто гостување на најдобрите средношколци-спортисти од Скопје во поголемите градови во регионот. Досега гостувавме во Љубљана, Загреб, Белград, Софија, а сега сме во Истанбул. Градот Скопје бележи голем успех во афирмирањето на спортот меѓу средношколците и придонесува што поголем број ученици да се занимаваат со спорт. На пример, во 2009 година, имавме само 6 екипи или околу 120 ученици кои активно се занимаваа со спорт преку ученичките спортски клубови, а денес има 6.000 ученици кои активно спортуваат, и тоа во сите спортски дисциплини. Ми претставува особено задоволство што на гостувањата во странство бележиме добри резултати и победи – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на гостувањето во Истанбул, во април годинава.





Градот Скопје на 15 мај организира градски турнир во бадминтон меѓу ученици од скопските средни училишта. Ученичката И. Стефановска од СУГС „Орце Николов" беше најдобра во женска конкуренција, а кај мажите првото место го освои Живковски од СУГС „Јосип Броз Тито". Меѓу двојките во женска конкуренција првото место го освоија И. Стефановска/Кржаловска од СУГС „Орце Николов", а кај мажите најдобри беа Живковски/Малцев од СУГС „Јосип Броз-Тито". Во мешани двојки триумфираа Живковски/Д. Стефановска од СУГС„Јосип Броз-Тито".

# ОТКРИЕНА СПОМЕН-ПЛОЧА НА ЈУРИЈ ГАГАРИН



На 16 април годинава во паркот „Македонија“ беше откриена спомен-плоча на космонаутот Јуриј Гагарин.

- Од името на граѓаните на Скопје сакам да изразам благодарност на амбасадата на Руската федерација во Република Македонија и лично на амбасадорот Н.Е. Олег Шчербак за неговите силни напори на македонската престолнина да и подари спомен-обележје за човекот кој е светски симбол за надминување на границите на човечките достигнувања и можности. На 12 април 1961 година космонаутот Јуриј Гагарин излезе од земјината атмосфера и по повеќе од час и половина престој во вселената безбедно се врати на земјата. Оттогаш почна да се испишува нова страница во човековата историја. И денес Гагарин е симбол за бестрашност, за технолошки просперитет и за прв чекор кон освојувањето на простори надвор од границите на земјината топка. Затоа, граѓаните на Скопје со задоволство го одбележуваат денот на летот на првиот човек во вселената и со задоволство ја примаат донацијата - спомен-плоча на Јуриј Гагарин, поставен во паркот кај истоимената улица - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на откривањето на ова спомен-обележје.



Во паркот на Франкофонијата, близу Градскиот парк, на 10 март годинава беше поставена спомен-плоча во чест на загинатите француски војници во Македонија во Првата светска војна. Поставувањето на оваа спомен-плоча е дел од активностите на француската амбасада во Република Македонија, за одбележување на 100-годишнината од почетокот на Првата светска војна.

- Оваа спомен-плоча ќе биде потсетување за граѓаните на Скопје и на Македонија за храброста и пожртвуваноста на француските војници кои ги дадоа своите животи во Првата светска војна, како и во битката во Скопје која се одвивала на 29 и на 30 септември 1918 година - рече градоначалникот Коце Трајановски, на откривањето на спомен-плочата.

# ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ И ИГРИ 2015



Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2015 се одржа на 9 јуни, во Македонската опера и балет.

- Оваа ревија која ги обединува активностите на преку 40 здруженија на пензионери во државата е од исклучителна важност за пензионерите во Македонија и тоа не само поради придонесот кој го има во зачувувањето на културната традиција, преку негување на фолклорот, туку е значајна и поради тоа што дава можност за дружење, социјализација и подолг и поквалитетен живот на пензионерите. Токму затоа и Министерството за култура оваа ревија ја прогласи за национален интерес за културата на државата. Сакам да ја истакнам одличната соработка која Градот Скопје ја има остварено изминатите години со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје и тоа преку учество во разни програми и активности кои имаат за цел остварување на поквалитетен живот на пензионерите. Нашата соработка ќе продолжи и во иднина - нагласи градоначалникот Коце Трајановски, во своето обраќање до присутните на Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2015.

# 10 ГОДИНИ БАСКЕРФЕСТ ВО ГРАДОТ

Од 12 до 21 јуни на плоштадот „Филип Втори" се одржа мегапопуларниот театар на отворено „Баскерфест 2015". Годинешново десетто јубилејно издание на „Баскерфест" на скопјани им понуди настапи на стотина баскер-изведувачи од 23 земји, меѓу кои Чиле, САД, Куба, Албанија и од Србија. Богатата програма понуди перформанси со оган, одење по жица, куклен театар, жонглирање и танц.

На фестивалот, за време на викендите имаше две бини, а во работните денови три сцени на кои уличните уметници ги изведуваа своите точки во текот на денот, а во вечерните часови на истото место настапуваа музички групи од земјава и од странство. Новитет годинава е тоа што за првпат секојдневно имаше детски креативни работилници каде што најмладите посетители имаа можност да се дружат со баскерите и да се едуцираат.

Овој познат уличен фестивал годинава се одржува и низ 14 градови во Македонија и ќе трае до 13 јули. „Баскерфест" во Скопје е под покровителство на Град Скопје кој за неговото одржување издвои 900. 000 денари.





# ЛИЦА БЕЗ МАСКИ 2015

Осмото издание на Интернационалниот театарски фестивал „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ", посветен на независната професионална театарска продукција, годинава се одржуваше од 18 до 21 април, на неколку сцени низ Скопје.

Гранд при наградата за најдобра претстава беше доделена на претставата „Машината на Јан Бибијан", во режија на Петар Пашов, во изведба на театарот „Ателје 313" од Софија, Бугарија. Наградата за најдобра режија отиде во рацете на Ана Батева, која годинава го отвори фестивалот со претставата „Буре барут" од Дејан Дуковски, во изведба на театарот „Николај Бинев" и „Креди арт" студио од Софија, Бугарија. Со наградата за најдобро актерско остварување се закити актерот Ивајло Драгиев од Бугарија.

Годинешната програма на фестивалот „Лица без маски" понуди театарски продукции од Италија, Бугарија и од Македонија. Градот Скопје го поддржа одржувањето на Интернационалниот театарски фестивал „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ" со 500 000 денари.

# ТУРИСТИЧКА СТРАЖА НА ПЛОШТАДОТ „ФИЛИП ВТОРИ"

На плоштадот „Филип Втори" 18 презентери облечени во традиционална македонска облека, карактеристична за различни историски периоди, на туристите им ги промовираат културно-историските споменици во центарот на градот. Ова лето, туристичката стража доби и нова облека.

Туристичката стража чија цел е промоција на туризмот, работи во две смени, од 11 до 13 часот и од 18 до 20 часот. Градот Скопје и Детскиот културен центар „Карпош" туристичката стража ја организираат четврта година по ред.



# ТРАЈАНОВСКИ СЕ СРЕТНА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ИСТАНБУЛ

На 20 април годинава во рамките на посетата на Истанбул, Турција, градоначалникот Коце Трајановски и делегација од Советот на Град Скопје остварија средба со градоначалникот на Град Истанбул, Кадир Топбаш.

- Ќе ги поканиме сите членови на Советот на Град Скопје да дојдат овде, да воспоставиме контакти и да направиме анализи на нашите дејности во насока на подобрување на меѓусебната соработка. Ваквите средби меѓу градоначалниците и членовите на советите на двата града и размената на заедничките искуства ќе придонесат за подобрување на односите меѓу нас во економската, трговската и во културната сфера - изјави градоначалникот Топбаш.

Градоначалникот Трајановски истакна дека на средбата со градоначалникот Топбаш договориле да разменат искуства, особено во областа на урбанизмот, финансиите и правните работи.

- Исто така, голема делегација составена од членовите на Советот на Град Скопје ќе го посети Истанбул за да се запознае со начинот на функционирањето на овој град. Дополнително, дискутиравме за прашања од областа на сообраќајот, урбанизмот, хортикултурата, градежништвото, поточно за сите области кои се во надлежност на локалната самоуправа. Мислам дека токму локалната самоуправа е една од најдобрите можности за соработка меѓу државите, бидејќи проблемите со коишто се соочуваат градовите, независно од која земја се, се исти - нагласи градоначалникот Трајановски, по средбата.








# САМИТ НА ГЛАВНИ ГРАДОВИ 2015

Градоначалникот Коце Трајановски присуствуваше на Самитот на главни градови 2015, којшто се одржа на 23 април во Белград, Србија. На Самитот учествуваа градоначалници од локалните самоуправи од 12 градови од централна и од југоисточна Европа, а покрај градоначалникот на Скопје, присуствуваа и Александар Вучиќ, Премиер на Србија, Синиша Мали, градоначалник на Белград, Иво Комишиќ, градоначалник на Сараево (Босна и Херцеговина), Милан Бандиќ, градоначалник на Загреб (Хрватска), Зоран Јанковиќ, градоначалник на Љубљана (Словенија), како и претставници од Виена (Австрија), Варшава (Полска), Атина (Грција), Будимпешта (Унгарија), Софија (Бугарија), Тирана (Албанија) и од Подгорица (Црна Гора).

На Самитот на главни градови покрај претставници од градовите, присуствуваа и високи претставници од Европската комисија и од Европскиот Парламент, меѓународни организации и од бизнис заедницата. Се разговараше за развојот на големите инфраструктурни проекти и за унапредувањето на квалитетот на животот во главните градови.

Овој самит е организиран во соработка со Националната алијанса за локален економски развој (NALED) и е одлична можност за унапредување на соработката на регионите и главните градови, поттикнување на економската соработка, поттикнување на економската размена и инвестициите и промоција на најдобрите примери во областа на инфраструктурата, урбанистичкиот развој и развојот на јавните и комуналните услуги.

Самитот на главни градови беше организиран во три посебни тематски целини: „Инфраструктура и урбан развој“, „Иновативни модели за давање услуги за граѓаните и бизнис заедницата“, и „Квалитет на животот и иден развој на градовите во централна и во југоисточна Европа“.

*Едногласно донесена одлука*

# СКОПЈЕ И СОФИЈА ЌЕ СЕ ЗБРАТИМАТ

Советот на Град Скопје на 17 април годинава на својата 43-та седница едногласно ја донесе Одлуката за збратимување на Градот Скопје со Градот Софија. Градот Софија ќе стане 19-от град со кој Скопје се збратимува.

Градоначалникот Коце Трајановски ја поздрави оваа одлука и истакна дека истата се носи по долгогодишната соработка меѓу Софија и Скопје, а ќе биде добра основа за продлабочување на соработката на економски план, размена на искуства, како и соработка на заеднички проекти.

Оваа одлука ја поздрави и Н.Е. Иван Петков, амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија. Тој изрази надеж дека оваа одлука ќе ја направи уште поплодна и онака одличната соработка меѓу градовите Скопје и Софија.

Во текот на месец април во посета на Скопје престојуваа повеќе официјални делегации од Сојузна Република Германија, пришто беа реализирани повеќе средби.

Голема делегација од збратимениот град Нирнберг, предводена од Габриела Хелбинг, одговорна за сите детски градинки во Нирнберг и Кристијан Рестер, одговорен за сите детски установи во Нирнберг, оствариja средби со претставници од градската администрација, Министерството за труд и социјална политика и повеќе државни установи од областа на образованието, културата и социјалната заштита. Во рамки на оваа посета беше потпишан Меморандум за збратимување меѓу градинката „Зигридштрасе" од Нирнберг и ЈОУДГ „Срничка" од Аеродром.

Во Скопје престојуваше и официјална делегација од градот Бон, предводена од Хартмут Кнак, раководител на Секторот за образование на Градот Бон. Делегацијата од Бон оствари поголем број официјални средби со раководители на повеќе сектори од администрацијата на Градот Скопје, а ги посетија и СУГС „Лазар Танев", Противпожарната бригада на Град Скопје, Црвениот Крст на град Скопје, детската градинка „8 Март" во Кисела Вода и Домот за деца без родители „11 Октомври".

Градоначалникот Коце Трајановски на 9 март годинава оствари средба со амбасадорот на Соединетите американски држави во Република Македонија, Н.Е. Џес Л. Бејли.

На средбата, градоначалникот Трајановски го запозна амбасадорот Бејли со историјата на Скопје, а зборуваше и за проектите на кои тој е фокусиран и кои се приоритет за Градот. Градоначалникот Трајановски се осврна и на досегашната соработка меѓу Градот Скопје и Амбасадата на САД во нашата земја, како и на соработката која Градот Скопје ја има со збратимениот град Темпи од сојузната држава Аризона.

На средбата, Трајановски и Бејли зборуваа и за состојбите во локалната самоуправа во Република Македонија, соработката на Градот Скопје со централната власт и соработката со преостанатите општини во Скопје, како и за системот на финансирање на локалната самоуправа во нашава земја.



# НВО-ЦЕНТАРОТ ОТВОРЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ



Сите заинтересирани здруженија на граѓани и фондации кои функционираат на територијата на Скопје може бесплатно да ги користат услугите на НВО-Центарот на Град Скопје што е сместен во просториите на МКЦ. Центарот работи секој работен ден од 9 до 17 часот, а на располагање на здруженијата на граѓани и на фондациите е конференциска сала за 30 слушатели, 4 компјутери, библиотека, платно, ЛЦД проектор и бесплатен интернет.

За повеќе информации заинтересираните може да се обратат на телефонскиот број 02/3222 106 или на електронската пошта nvocentar@skopje.gov.mk

*Парк „Македонија“ - прв дел*

